

АКАТИСТ НА ПРЕСВЕТАТА ВЛАДИЧИЦА НАША БОГОРОДИЦА ВО ЧЕСТ И СПОМЕН НА ЈАВУВАЊЕТО НА НЕЈЗИНАТА ЧУДОТВОРНА ИКОНА НАРЕЧЕНА

# „БРЗОПОСЛУШНИЧКА“

*АКАТИСТ НА ПРЕСВЕТАТА
ВЛАДИЧИЦА НАША БОГОРОДИЦА
ВО ЧЕСТ И СПОМЕН НА
ЈАВУВАЊЕТО НА НЕЈЗИНАТА
ЧУДОТВОРНА ИКОНА НАРЕЧЕНА*

# „БРЗОПОСЛУШНИЧКА“



*Струмица 2017*

Со благослов на Неговото Високопреосвештенство
Митрополит Струмички г. Наум

Издава :
Манастир „Свети Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици“ – Струмица

Превод :
отец Димитар Крцев
г-дин. Илија Патриков

Компјутерска обработка и подготовка за печат:
ѓакон Константин Вучковски

Печат и дизајн : Печатница „Графосервис“ Струмица

500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација

*Акатистот го издаваме во чест на*
*Пресветата, Пречиста, Преблагословена,*
*славна Владичица наша Богородица и*
*Секогашдева Марија,*
*и по повод педесет години*
*од возобновувањето на автокефалноста*
*на Македонската Православна Црква –*
*Охридска Архиепископија.*

# *Ти благодариме, Пречиста Владичице*



Премногу размислуваме во категоријата Бог – човек, наместо во категоријата личносни односи. Религиозниот човек размислува во рамките на првата категорија, а црковниот човек размислува и дејствува во откровението на втората категорија.

Догматиката е многу јасна: обожението на човековата природа во Синот Божји – Богочовекот Исус Христос, е основа на обожението на секој човек кој тоа го сака, во Црквата како Тело Негово – со учество во нејзините Свети Тајни и Добродетели. Иако велиме дека во процесот на преображението и обожението нашата и Божјата природа заемно се проникнуваат, ние сепак, знаеме дека проникнувањето бива од страна на Бог, Кој со Своите несоздадени енергии (благодат) ја проникнува и обожува човечката природа. Затоа, Бог е единствениот наш Спасител и никој друг. Човек не може да спаси човек.

Во Догматиката нема ништо нејасно. Проблемот е во нејзиното разбирање на различен начин. Некој ја чита со затемнет ум (неверниот), некој со помисла дека има просветлен ум – иако нема умно-срдечна молитва (опрелестениот), некој со ум чија енергија е доволно очистена (оној што правилно го чисти срцето од страстите, во послушание), некој со доволно просветлена суштина и енергија на умот (просветлениот, кој е носител на дарот на аскетската умно-срдечна молитва), а некој со својот обожен ум.

Значи, нема никаков проблем во Догматиката на Црквата. Проблем е што луѓето заглавуваат во неправилното разбирање и во неправилниот подвиг да ја надминат поделбата меѓу Несоздаденото и создаденото, и тука остануваат заглавени. Не сфаќаат дека таа поделба е надмината со воплотувањето на Синот Божји и дека ние ја добиваме на дар преку правилниот подвиг во кој се случува нов личносен однос и дијалог помеѓу Бог и човекот, кој воопшто не е едностран – и човекот Го слуша Бог, но и Бог го слуша човекот. Секако, за ова да се сфати, треба да се има жив опит од вистински личносен однос и со Бог и со ближниот.

Од воплотувањето на Синот Божји од Светиот Дух и Дева Марија па натаму, нашиот однос со Бог не го дефинира тоа што Тој е несоздаден Бог, а ние создадени луѓе, туку го дефинира фактот дека Тој е нашиот Небесен Отец, а ние сме Негови чеда и браќа на Богочовекот Христос – по благодат. Така и односот помеѓу Христос и Богородица не го дефинира тоа што Тој е Бог, а Таа човек, туку тоа што Таа е Негова Мајка, а Тој Нејзин Син. Христос може да биде стопати Бог, а Марија може да е стопати обичен човек, и тоа сега нам веќе не ни е битно. Но, суштински ни е битно што Таа Му е Мајка, а Христос Нејзин Син, и што ние сме Негови браќа и Нејзини чеда по благодат; како и фактот што Мајката се почитува и слуша исто колку и Отецот.

Затоа, кога велиме: „Пресвета Богородице, спаси нè“, ние не мислиме дека Таа нè спасува од Себе, поради Нејзината совршено обожена природа или затоа што Таа е некаква божица, туку поради Нејзината позиција – како Божја Мајка, Која има Син што Ѝ е послушен; поради Нејзиниот однос кон Бог и поради односот на Бог кон Неа.

Но, зошто дури и во оваа прилика ја спомнувам умно-срдечната молитва? Затоа што ако ја имавме, ќе знаевме дека таа е Нејзино откровение и дар – кој од Неа се измолува, а тајната на новите личносни односи, која ја надминува поделбата меѓу Несоздаденото и создаденото, ќе ни беше јасно откриена.

Она нè научи што е (Кој Е) смислата на нашиот живот. Она нè научи што е (Кој Е) вистинска вера. Она нè научи што е (Кој Е) апсолутно послушание. Она нè научи што е (Кој Е) одрекување од овој свет. Она нè научи што е (Кој Е) крајно туѓинување. Она нè научи што е (Кој Е) небесно смирение. Она нè научи што е (Кој Е) непрелестно кружно движење на умот во Бог, односно благодатна умно-срдечна молитва. Она нè научи што е (Кој Е) љубов. Она нè научи што е (Кој Е) совршена заедница со Бог.

Она е совршен сад на Божјото Предание. Она дозволи да се воплоти Единородниот Син Божји во Неа – од Светиот Дух. Она Го роди нашиот Господ, Богочовекот Исус Христос. Она пострада неволно под Крстот, како никој од човечкиот род – кога било. Она, од сите нас, прва воскресна. Она е граница меѓу несоздаденото и создаденото. Преку Неа го добиваме секој дар Божји. Секој наш дар на Бог, Он преку Неа го добива. Она е Црквородица. Она е нашата Мајка, а ние сме Нејзини деца. Она е нашата Владичица Богородица и Секогашдева Марија.

Она не е божица, Она е нешто попрекрасно и позначајно за нас. Она е Богородица, а јас, како да ти објаснам за Неа, драг читателе, кога тие зборови ги нема.

Подобро да го оставам свети Григориј Палама да ни говори за Неа и Нејзиниот молитвен подвиг: „Испитувајќи што му е најпотребно на молитвеникот за да беседи со Бог, по кој пат доаѓа молитвата, Богородица го пронаоѓа свештеното тихување... оддалеченост од светот, заборав на сè земно и стремеање кон божествените откровенија, избор на ’подобриот дел‘. Открива дека ако умот не се расејува кон земните работи, би можел да се оддаде на подобро и повозвишено дејствување, што значи да се сврти кон самиот себе: единственото дејствување преку кое тој би можел да се соедини со Бог“[1].

Пресветата Дева, престојувајќи во храмот, „со внимание и во непрестајна божествена молитва, целата Своја стана... и воспостави нов и неискажлив пат кон Небото, кој јас ќе го наречам ’молчание на умот‘. И, предавајќи го Својот ум на ова молчание, ја наткрили сета твар, и подобро од Мојсеј ја виде славата Божја, и беше посветена во божествената благодат, која никако не е подложна на силата на чувствата, туку претставува прекрасно и свештено созерцание – својствено за непорочните души и умови.

Бидејќи причесна на ова (бого)созерцание, Пречистата – како што пеат црковните химни – стана светлоносен облак на навистина Живата вода, зора на

[1] Saint Gregory Palamas, The Homilies, Mount Thabor Publishing, Dalton, PA, 2014, стр. 437–438.

таинствениот ден и огнена кочија на Логосот. (...) Токму затоа – не знаејќи за маж – Таа и ја стекна благодатта да Го роди Богочовекот Христос“[2].

Верувам дека сега во потполност го сфативте значењето на Пресвета Богородица за нашето спасение и совршениот пат што Она ни го откри до Бог, односно дека љубовта кон Секогашдева Марија и учењето за умно-срдечната молитва не се едноставно еден дел од севкупното Свето Предание, туку дека тие се самата срж на Светото Предание на Православната Црква.

Пресвета Богородице, спаси нè!

*Митрополит Струмички Наум*

[2] Истото, стр. 441–443.

## Тропар, глас 4:

*Да прибегнеме кон Богородица ние кои сме во мака*
*и да припаднеме пред Нејзината света икона,*
*повикувајќи со вера од длабочината на душата:*
*„Побргу услиши го нашето моление, Дево,*
*оти Брзопослушничка си наречена.*
*Ние, Твоите слуги, за брза помошничка*
*Те имаме во неволјите“.*

## Кондак, глас 8:

*Во разбрануваното житејско море,*
*пагаме под силните бранови на страстите и искушенијата.*
*Затоа, подај ни рака во нашата немоќ, Владичице,*
*исто како на Петар – Синот Твој,*
*и поштај од неволјите да нè избавиш*
*за да Ти повикуваме:*
***„Радувај се, преблага Брзопослушничке!“***

# АКАТИСТ НА ПРЕСВЕТАТА ВЛАДИЧИЦА НАША БОГОРОДИЦА ВО ЧЕСТ И СПОМЕН НА ЈАВУВАЊЕТО НА НЕЈЗИНАТА ЧУДОТВОРНА ИКОНА НАРЕЧЕНА „БРЗОПОСЛУШНИЧКА“



## Кондак 1

*На Божјата Мајка и Царица, од сите родови избрана,*
*Која нашите смирени молитви бргу ги услишува*
*и од Својата света икона нам, верните, потоци исцеленија ни излева,*
*Ѝ принесуваме благодарно пеење:*
*Ти, пак, семилостива Застапничке,*
*кон нашиот сефален глас благоутробно приклони се*
*и од сите неволји избави нè нас, кои Ти повикуваме:*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## *Икос 1*

*Ангелските хорови благоговејно Ти служат,*
*а сите Небесни Сили со незамолчливи гласови*
*непрестајно Те величаат, Богородице Дево,*
*како родителка на Царот на Ангелите, Христос Бог,*
*а ние, пак, грешните, дрзнувајќи да им се придружиме,*
*не умееме достојно да Те возвеличаме,*
*та смиреномудрено Ти повикуваме:*

*Радувај се, на непристапното Божество селение!*
*Радувај се, непрестајно ангелско удивление!*
*Радувај се, Трпезо света со лебот на Животот што нè храниш!*
*Радувај се, маслино благоплодна, со елеј на милост срцата наши ги помазуваш!*
*Радувај се, на дарови на Божјата благодат неисцрпна ризницо!*
*Радувај се, на чудеса непресушно течение!*
*Радувај се, застапничке на понижените!*
*Радувај се, утешителке на нажалените!*
*Радувај се, помошничке на бедните!*
*Радувај се, исцелителке на болните!*
*Радувај се, укрепителке на раслабените!*
*Радувај се, ослободителке на заробените!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## *Кондак 2*

*Владичице, гледајќи го Твоето неизмерно милосрдие*
*и мноштвото чуда од Тебе јавени преку Твоите свети икони,*
*со кои како богосветли ѕвезди си го украсила сиот христијански свет,*
*Те величаме што го возвеличи нашиот род со Твоето благоволение*
*и со љубов се поклонуваме на изобразениот пречист Твој лик,*
*повикувајќи Му на Твојот Син, Христос Бог:*

***Алилуја!***

## *Икос 2*

*Богородице, откривајќи го разумот небесен,*
*си благоволила во Твојот земен удел – Светата Гора Атонска,*
*со многу чуда да се прослави Твојата икона*
*што Самата си ја нарекла Брзопослушничка*
*со гласот Божествен од неа што се јави,*
*за сите, водени од ваквото Твое благоволение,*
*со песни да Ти воспеваме:*

*Радувај се, милосрдие за сите нас во Христа, Мајко!*
*Радувај се, на Светиот Дух пребивалиште!*
*Радувај се, љубов Божја кон човекот пројавление!*
*Радувај се, на родот човечки возвишение!*
*Радувај се, на Бога Словото светла палато!*
*Радувај се, повелика од Светињата на светињите!*
*Радувај се, на Божественото Јагне родителке!*
*Радувај се, Ти ни го израсна класот на животот!*
*Радувај се, на нетлената храна саду сезлатен!*
*Радувај се, Хранителке на Хранителот на вселената!*
*Радувај се, оти со закрилата Твоја на спасение се надеваме!*
*Радувај се, оти по молитвите Твои небесно наследство очекуваме!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## *Кондак 3*

*Богородице Дево, со силата Божја дејствувајќи,*
*со слепило и телесно раслабување си го казнила*
*трпезникот[3] Нил од Дохијарската обител,*
*поради неговото неблагоговејно одење пред светата Твоја икона,*
*повторно да не се дрзне да Те натажи во пречистиот Твој лик,*
*којшто милостиво си го дарувала како залог на*
*благоволението Твое кон сета Гора Атонска,*
*та сите нејзини жители со гласови преподобни*
*да Му повикаат на Бога Словото, родено од Тебе:*

***Алилуја!***

[3] Трпезник или трпезар како дел од монашкото послушание е монахот кој е одговорен за манастирската трпезарија.

## Икос 3

*Себлага Владичице,*
*имајќи љубов голема кон луѓето искупени со Крвта на Твојот Син и Бог,*
*покајанието на трезникот Нил милостиво си го примила*
*и исцеление од слепилото и раслабеноста си му дарувала,*
*за непрестајно да Ти служи и незамолчливи молитви да Ти принесува*
*пред многуисцелителната икона Твоја,*
*затоа вака да повикаме:*

*Радувај се, на Јоаким и Ана свет ластару!*
*Радувај се, Ти Го роди Сокрушителот[4] на главата на древната змија!*
*Радувај се, Преблагословена меѓу жените!*
*Радувај се, нетлено Го роди Спасителот на душите наши!*
*Радувај се, девственоста и рождеството чудесно ги обедини!*
*Радувај се, во обете непорочно се запази!*
*Радувај се, на сета вселена чудо велико!*
*Радувај се, на сите земни родови удивление!*
*Радувај се, на грешните исправление!*
*Радувај се, на покајаните во добродетели утврдение!*
*Радувај се, незлопамтлива укорителке!*
*Радувај се, благосрдечна вразумителке!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## Кондак 4

*Оние што бурите житејски ги избегнаа*
*и во тивкото пристаниште на спасението на Гората Атонска притекнаа,*
*овде наоѓаат утеха благодатна и помош божествена*
*од светата икона Твоја, Богородице,*
*од неа чудесни зраци испуштајќи*
*и потоци на милоста Твоја обилно излевајќи.*
*Затоа, сите што сакаат да пожнеат спасение,*
*величајќи го Твоето мајчинско милосрдие,*
*благодарно Му воспеваат на Бога:*

***Алилуја!***

[4] *Црк.* сокрушити – разбие, скрши, кине.

# *Икос 4*

*Трезникот Нил, штом го слушна гласот божествен*
*од светата икона Твоја, Владичице,*
*спозна дека Ти ќе бидеш Брзопослушничка на сите*
*кои со вера и љубов притекнуваат кон чудотворната икона Твоја,*
*и добивајќи од неа на своето незнаење вразумување*
*и на ослепените очи прогледување,*
*од дното на душата благодарно Ти воскликна:*

*Радувај се, со привремено укорување ги умудруваш неразумните!*
*Радувај се, милостиво го примаш покајанието на грешните!*
*Радувај се, на прав пат заблудените ги упатуваш!*
*Радувај се, раните гревовни благоутробно[5] ги лекуваш!*
*Радувај се, мрзеливите со голема љубов ги разобличуваш!*
*Радувај се, од телесните страдања на вечните маки огнено избавуваш!*
*Радувај се, бранувањето на страстите го стишуваш!*
*Радувај се, на оние што гинат рака на помош им подаваш!*
*Радувај се, надеж на безнадежните!*
*Радувај се, утехо на страдалните!*
*Радувај се, ризо на бедните!*
*Радувај се, пазителке на сираците!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

# *Кондак 5*

*Монасите од Дохијарската обител,*
*разбирајќи ги боговетените слова Твои, Божествена Брзопослушничке,*
*Ти подигнаа храм крај трпезаријата,*
*каде што пребива чудотворната икона Твоја, Пречиста Дево,*
*и сите верни ги утешува со знаците на Твојата милост,*
*затоа не лишувај нè и нас смирените,*
*кои прилежно Те воспеваме и*
*Му повикуваме на Бога, Творецот на чудеса:*

***Алилуја!***

5 *Црк.* благоутрОбный – милосрдно, милостиво, сострадално.

## *Икос 5*

*Сите монаси од Света Гора, гледајќи потоци чуда*
*излеани од Твојата света икона „Брзопослушничка“,*
*притекнаа кон неа на поклонение.*
*Ти, пак, Мајко Божја, секому, според потребите,*
*дарови на милоста Твоја обилно си му дала од чудотворната икона Твоја,*
*охрабрувајќи нè благодарно да Ти повикуваме:*

*Радувај се, Мајко на штедроста и милосрдието!*
*Радувај се, одухотворен Престолу на Седржителот!*
*Радувај се, на Синот Божји плот позајмување!*
*Радувај се, сокровиште на бессемено вневестување!*
*Радувај се, на Бесплотниот воплотување!*
*Радувај се, на човекот со Бога соединување!*
*Радувај се, најкопнежно видение на преподобните!*
*Радувај се, Божествено радование на испосниците!*
*Радувај се, тивко веселие на пустиножителите!*
*Радувај се, крепка надеж на монасите!*
*Радувај се, демонските полкови ги победуваш!*
*Радувај се, непријателите на човековото спасение ги посрамуваш!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## *Кондак 6*

*Гората Атонска ги раскажува Твоите чуда и милости,*
*Преблагословена Мајко на нашиот Господ,*
*и светло се украсува со многуте Твои чудотворни икони,*
*меѓу кои и од Тебе наречената Брзопослушничка,*
*која како полна месечина со чудесни незгасливи зраци сјае,*
*просветлувајќи ги душите наши со светлината на Божјата благодат*
*и охрабрувајќи нè сефално да Му повикуваме на Триединиот Бог,*
*Кој Тебе Те прослави:*

***Алилуја!***

## Икос 6

*Богородице Марие, на Твојата пречиста икона блесна светлината на спасението
за сите заблудени во темнината на гревовите и страстите,
и Брзопослушничка си ја нарекла за оние
што од сè срце се молат пред неа со вера и благоговение,
Својата брза помош дарувајќи им ја на оние што Ти повикуваат:*

*Радувај се, молњо, душите што ги просветлуваш!
Радувај се, грому, соблазнителите што ги ужаснуваш!
Радувај се, на обременетите од разбрануваното житејско море
спокојно прибежиште!
Радувај се, на носените од брановите на страстите тивко пристаниште!
Радувај се, на младите во целомудриете учителке!
Радувај се, на девственоста покрову и пазителке!
Радувај се, скаменетите срца ги омекнуваш!
Радувај се, душевното студенило благодатно го стоплуваш!
Радувај се, на патот на спасението верните ги упатуваш!
Радувај се, од патиштата погибелни оние што Ти притекнуваат ги одвојуваш!
Радувај се, кај Твојот Син и Бог наша Застапничке!
Радувај се, секогаш Го умилостуваш да нè помилува нас, грешните!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## Кондак 7

*Преблага Богородице, сакајќи на сите да им ја покажеш
големата љубов Твоја кон родот христијански,
за удел Твој земната Гора Атонска си ја избрала
и во неа монашките живеалишта си ги умножила,
за да можат носените од силните бури на овоземната суета
овде да најдат тивко и угодно пристаниште кон спасение,
и со Твоето содејство да се удостојат со наследството Небесно
заедно со сите светии да Ѝ пеат на Пресвета Троица:*

***Алилуја!***

# Икос 7

*Владичице, нов знак на милосрдието Твое си јавила*
*во чудесното прославување на Твојата света икона „Брзопослушничка“,*
*не само на монасите на Гората Атонска,*
*но и на сите православни христијани,*
*меѓу кои благоговејно се чествува изобразувањето на оваа Твоја икона,*
*за сите да Ти повикуваат:*

*Радувај се, Мајко на нашиот Бог!*
*Радувај се, во рождеството и по рождеството Дево!*
*Радувај се, оти Те прославуваат сите родови!*
*Радувај се, оти Силниот Те сотвори Величие!*
*Радувај се, оти Господ погледна на смирението Твое!*
*Радувај се, оти Царот на царевите ја посака добрината Твоја!*
*Радувај се, ќерко благословена на Отецот Небесен!*
*Радувај се, безбрачна родителке на Синот Предвечен!*
*Радувај се, непорочно пристаниште на Светиот Дух!*
*Радувај се, Тајнице на Божествената благодат!*
*Радувај се, украсу на вишниот свет!*
*Радувај се, застапничке на земниот свет!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

# Кондак 8

*Туѓинци и дојденци сме на земјата*
*и, според зборовите апостолски, немаме престојувалиште,*
*но при кого да прибегнеме, Владичице,*
*во макитe на странствувањето наше,*
*ако не при Тебе, Себлага Владичице?*
*Не отфрлај нè, Мајко Божја, не вели:*
*„Не ве познавам, поради вашите гревови!“,*
*но смилувај ни се нам, бедните и беспомошни,*
*и прими нè во вечната закрила, Покровителке наша,*
*за радосно во слава да Му воскликнеме на Христос, Небесниот Цар на славата:*

***Алилуја!***

## Икос 8

*Владичице, за сите верни утешително е да гледаат во Твојата света икона,*
*на неа гледаме дека в раце Го држиш*
*Предвечниот Младенец Господ наш Исус Христос,*
*Нему боголепно Му се поклонуваме како на Творец и Бог наш,*
*и на Тебе, вистинската Богородица, со умиление Ти глаголаме:*

*Радувај се, Приснодево зарадувана со архангелското благовестие!*
*Радувај се, Невесто Неневестна!*
*Радувај се, Мајко на умната светлина,*
*сите души што ги просветлуваш!*
*Радувај се, одухотворен Престолу на Творецот на небото и на земјата!*
*Радувај се, кротка гулабице!*
*Радувај се, непорочна агнице!*
*Радувај се, чашо што радост црпеш!*
*Радувај се, неисцрпен саду на живата вода!*
*Радувај се, мироносице на Христовото благоухание!*
*Радувај се, преку Тебе злосмрдеата на нашите страсти се изгонува!*
*Радувај се, преку Тебе Го спознавме Синот Божји!*
*Радувај се, преку Тебе се научивме*
*да Му се поклонуваме на Триединиот Бог!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## Кондак 9

Сите родови прилежно Те величаат, благословена Марие Богородице,
од Исток до Запад се воспева името Твое,
монасите своја Покровителка Те нарекуваат,
особено подвижниците на од Тебе избраната Гора Атонска,
осенета со Твоето посебно благоволение,
во неа сотвори многу чудеса
и покажувајќи богата милост кон нејзините жители,
заради Тебе благодарно на Бога да Му повикаат:

***Алилуја!***

## Икос 9

*Лажномудрите говорници не умеат да ја разберат*
*Тајната на Твојата приснодевственост, Богородице,*
*ниту можат да ја објаснат силата чудотворна од*
*Твоите икони што се излева за исцеление на немоќните*
*и за секаква душевна и телесна полза.*
*Ние, пак, православно и без сомнение како Приснодева исповедајќи Те,*
*верно се поклонуваме пред Твојата света икона, и вака Ти повикуваме:*

*Радувај се, за неверните гласу сомнежен!*
*Радувај се, за верните преславна пофалбо!*
*Радувај се, од чиста утроба Христа нетлено Го роди!*
*Радувај се, во Рождеството Твое*
*клучот на девственоста остана неповреден!*
*Радувај се, преблагословена Мајко и Дево!*
*Радувај се, препрославена Богородице!*
*Радувај се, на девиците величание!*
*Радувај се, на мајките непрестајно радование!*
*Радувај се, единствена непорочна и блага меѓу жените!*
*Радувај се, Ти Го роди вечениот Сокрушител на главата змиина!*
*Радувај се, паднатите прародители од древната осуда ги избави!*
*Радувај се, со Рождеството Твое заклучениот Рај за луѓето го отвори!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## Кондак 10

*Богородице, устројувајќи го спасението на Христоимените луѓе,*
*си благоволила Твојот земен удел, Гората Атонска,*
*за монашко пребивалиште да ја одредиш,*
*и во видение на првиот пустиножител атонски, преподобниот Петар,*
*си му рекла дека оваа Гора секогаш ќе биде на монасите живеалиште,*
*утешувајќи го со добри ветувања,*
*дека ќе им бидеш Помошничка и Покровителка*
*на сите што богоугодно се подвизуваат на неа,*
*давајќи им ги потребните дарови и од сите беди спасувајќи ги,*
*за непречено да Му пеат на Бога:*

***Алилуја!***

# Икос 10

*Дево, цврста карпа на застапништво си*
*за монасите и за сите подвижници во девственост и чистота.*
*Затоа, Твојот земен удел, Гората Атонска,*
*за жените си ја направила непристапна,*
*за во неа без соблазни греовни монасите да пребиваат,*
*полагајќи на Тебе, единствената по Бога, надеж за спасение*
*и вака повикувајќи Ти:*

*Радувај се, неовенлив цвету на девственоста!*
*Радувај се, полски крину на чистотата!*
*Радувај се, светлоносна небесна сенице*
*што ги осенуваш ревнителите на чистотата!*
*Радувај се, свитоку на Божјата премудрост*
*што ги умудруваш пазителите на целомудриeто!*
*Радувај се, на монасите доброподвижници Застапничке за спасение!*
*Радувај се, на Гората Атонска Покров и Бедем на пустиножителите!*
*Радувај се, радост благодатна излеваш во срцата на богољубивите!*
*Радувај се, утеха духовна им подаваш на душите на нажалените!*
*Радувај се, воспитателке на младите, девствениците и сираците без мајка!*
*Радувај се, со љубовта на бесмртниот Женик*
*девствените хорови ги насладуваш!*
*Радувај се, во тешките борби при нападите*
*на плотските страсти крепка помошничке!*
*Радувај се, на монашките обители неуморна чуварке!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

# Кондак 11

*Пречиста, не презирај го нашето смирено пеење,*
*од полнотата на љубовта и усрдноста што Ти го принесуваме,*
*и не одвраќај се од нас, осквернетите од многу гревови,*
*но помогни ни, Себлага Владичице,*
*со покајание да се очистиме од гревовната нечистотија*
*и да преуспееме во чистиот и богоугоден живот,*
*имајќи Те во сè за подвигоположничка и помошничка,*
*за да можеме достојно и праведно да повикуваме кон Господа:*

***Алилуја!***

# Икос 11

*Твојата света икона, Богородице Дево,*
*со светлоносни зраци чудесни незгасливо сјае*
*и сиот свет благодатно го озарува,*
*изгонувајќи секакво непријателско дејство*
*со Божјата сила што од неа исходи;*
*затоа, ние, грешните, се радуваме,*
*имајќи го таквиот залог на Твоето благоволение кон нас,*
*и на Тебе, Брзопослушничке на молитвите наши,*
*благодарно Ти повикуваме:*

*Радувај се, Денице на незалезното сонце!*
*Радувај се, Зоро на невечерниот ден!*
*Радувај се, утрото на спасението го осветли!*
*Радувај се, бесмртниот Женик на човечките души Го роди!*
*Радувај се, богоугодно нашите желби ги исполнуваш!*
*Радувај се, во маките и неволјите милостиво веднаш ни притекнуваш!*
*Радувај се, Рају духовен, преисполнет со секоја духовна утеха!*
*Радувај се, од полнотата Твоја и нам капки на утеха ни точиш!*
*Радувај се, омарнината на нашите страсти ја разладуваш!*
*Радувај се, на трагателите по благодатно бестрастие усрдно тоа им го даруваш!*
*Радувај се, сите што живеат во целомудрена чистота силно ги љубиш!*
*Радувај се, во сон и виденија избраниците Божји ги посетуваш!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

# Кондак 12

*Благодатта Божја, присутна во светата икона Твоја,*
*Брзопослушничка од Тебе наречена, Богомајко Владичице,*
*сите нажалени и обременети ги привлекува,*
*заминувајќи услишани од овој извор на Твојата милост и штедрост,*
*изобилно добивајќи од Твојата чудотворна икона, Себлага:*
*во маките – утеха, во искушенијата – заштита, во болеста – исцеление,*
*благодарно повикувајќи Му на Бога, Благодарителот:*

***Алилуја!***

## Икос 12

*Владичице, воспевајќи ги чудесата Твои,*
*и великата милост Твоја кон родот христијански,*
*иако знаеме дека сме немоќни достојно да Те прославиме, Тебе,*
*почесна од херувимите и неспоредливо пославна од серафимите,*
*сепак, надевајќи се на Твоето ненадминливо милосрдие, Себлага,*
*смиреномудрено Ти принесуваме песни, пеејќи:*

*Радувај се, на благочестивите подвижници тивко пристаниште!*
*Радувај се, на безмолвниците слатка собеседнице!*
*Радувај се, на пустиножителите благодатна утехо!*
*Радувај се, на скриените Божји слуги во светот тајно вразумување!*
*Радувај се, на покајаните грешници со Бога измирение!*
*Радувај се, на Гората Атонска врховна Игуменијо!*
*Радувај се, пустиnoљубивиот Петар со Твојата посета овде го озари!*
*Радувај се, богомудриот Атанасиј со Твоето јавување овде го облагодати!*
*Радувај се, многумина Атонски преподобни со слава небесна ги прослави!*
*Радувај се, особена љубов кон жителите на оваа Гора пројави!*
*Радувај се, на нашите тела бесребрена Исцелителке!*
*Радувај се, на нашите души кон царството вишно Патеводителке!*

***Радувај се, себлага Брзопослушничке!***

## Кондак 13

О, Севоспеана Мајко, Брзопослушничка наречена
по Твојата света икона, Богородице Марие!
Прими го милостиво ова наше мало моление,
што усрдно Ти го принесуваме со вера и љубов,
и умилостиви Ја секогаш почитуваната Троица
да нè избави од огнената геена,
длабоката темнина и вечното измачување:
та со застапништвото Твое да го наследиме Царството Небесно,
и да се удостоиме со светиите да Му пееме на Бога:

***Алилуја!***

*Овој кондак се чита трипати, а потоа Икос 1, па Кондак 1.*



# МОЛИТВИ КОН ИКОНАТА НА БОЖЈАТА МАЈКА „БРЗОПОСЛУШНИЧКА“

## *Молитва прва:*

Преблагословена Владичице, Приснодево Богородице, за наше спасение Го роди Бога Словото, Кое е над секое слово, и повеќе од сите Неговата благодат ја пројави. Ти се јавуваш како море од Божествени дарови и непресушна река на чудеса, излевајќи благодат на сите што со вера кон Тебе прибегнуваат. Припаѓајќи пред Твојата чудотворна икона, Тебе Ти се молиме, Семилостива Мајко на Човекољубивиот Владика: дарувај ни ја Твојата пребогата милост и поитај да ги исполниш молбите наши што Ти ги принесуваме, Брзопослушничке, кои ни се од полза за утеха и спасение, и сите успокој ги. Со Својата благодат посети ги, Преблага, слугите Твои, на болните дарувајќи им исцеление и крепко здравје, на обременетите – мир, на заробените – слобода, а на страдилните – утешение. Семилостива Владичице, избави ги секој град и секоја земја од глад, страдање, земјотрес, потоп, оган, меч, и други времени и вечни казни, со Твојата мајчинска смелост одврати го гневот Божји; ослободи ги слугите Твои од душевна раслабеност, од нападите на страсти и гревови, та откако ќе поживееме во овој живот во секое благочестие, непречено да се удостоиме и во идниот век со вечните блага, по благодатта и човекољубието на Твојот Син и Бог, Кому Му прилега секоја слава, чест и поклонение со Беспочетниот Негов Отец и Пресветиот Дух, сега и секогаш и во сите векови. Амин.

## *Молитва втора:*

О, Пресвета Дево, Мајко на Севишниот Господ, Брзопослушничке, Застапничке на сите што со вера кон Тебе прибегнуваат. Погледни од небесните височини на Твоето величие на мене, грешниот слуга, коленопреклоно што паѓам пред Твојата света икона. Слушни ја бргу смирената молитва на мене, грешниот, и принеси ја пред Твојот Син. Умилостиви Го да ја озари мојата мрачна душа со светлината на Својата Божествена благодат и да го очисти мојот ум од суетни помисли, да го успокои моето страдално срце и да ми ги исцели раните, да ме вразуми да чинам добри дела и да ме укрепи да Му служам со страв, да ми ги прости сите злодела, да ме избави од вечните маки и да не ме лиши од Своето Небесно Царство. О, Преблагословена Богородице, Ти си благоволила со Твојата света икона да се наречеш Брзопослушничка, заповедајќи им на сите со вера кон Тебе да прибегнуваат. Затоа, не презирај ме и мене, нажалениот, и не дозволувај да загинам во бездната на моите гревови. Во Тебе, по Бога, е сета моја надеж, и на Твојот покров и застапништво се предавам, сега и секогаш и во сите векови. Амин.

# За иконата на Божјата Мајка „Брзопослушничка“

Историјата на иконата е поврзана со светогорскиот манастир – Дохијар, во кој првпат била пројавена благодатната сила на оваа чудотворна икона. Се претпоставува дека иконата била насликана во 10 век, за време на игуменот на Дохијарската обител, преподобен Неофит. Околу средината на 17 век, таа се наоѓала во нишата на надворешниот ѕид, пред влезот во манастирската трпезарија.

Таму често поминувале монасите, а по послушание, блиску до иконата најчесто поминувал трпезникот Нил, навечер, држејќи во рацете запален факел, од кој излегувал густ чад. Еднаш, одејќи покрај иконата, тој слушнал глас:

– Оче Ниле, во иднина не приближувај се овде со запален факел и не чади го Мојот лик.

На почетокот монахот се уплашил, но потоа, мислејќи дека тие зборови ги рекол некој од браќата, брзо заборавил на случката и продолжил ноќе да поминува покрај иконата со запален факел. По некое време, тој повторно го слушнал истиот глас:

– Монаху, недостоен за тоа име! Уште долго време ли така безгрижно и бесрамно ќе го оштетуваш Мојот лик!?

Слушнувајќи ги тие зборови, монахот веднаш ослепел. Покајаниот монах за миг паднал на колена пред иконата и цела ноќ, до доаѓањето на браќата, Ја молел Пресветата Дева за прошка. Монасите, кога разбрале за чудото, во страв припаднале пред чудотворната икона. Пред неа запалиле незгасливо кандило, а на новиот трпезник му наредиле секоја вечер да пали темјан и да кади пред иконата.

Монахот Нил, надевајќи се на големата милост на Божјата Мајка, останал покрај иконата и решил да не си оди сè додека не добие исцеление. Усрдната молитва набргу му била услишана. По некое време, коленичејќи пред иконата, тој повторно го слушнал познатиот глас:

– Ниле, услишана ти е молитвата, простено ти е, и повторно се враќа видот на твоите очи. Извести ги сите браќа дека Јас сум покров, грижа и закрила на нивната обител, посветена на архангелите. Тие, и сите христијани, нека Ми се обраќаат во неволјите, а јас никого нема да го оставам. На сите што со побожност ќе прибегнат при Мене ќе им бидам Застапничка, а сите нивни молитви ќе бидат исполнети од Синот и Мојот Бог, поради Моето застапништво пред Него. Отсега па натаму, оваа Моја икона ќе се нарекува Брзопослушничка, зашто на сите што ќе прибегнуваат кон неа, брзо ќе им се смилувам и брзо ќе ги услишувам нивните молитви.

Веста за прогледувањето на отец Нил брзо се расчула низ сите манастири на Света Гора. Кон чудотворната икона притекнувале монаси и од другите манастири за да Ѝ принесат благодарност на Божјата Мајка за Нејзината грижа за Света Гора. По овој случај било востановено постојано празнување на иконата. Преминот кон трпезаријата на страната каде што се наоѓала иконата бил затворен, местото околу чудотворната икона било заградено, а од десната страна на иконата, при

самата трпезарија, бил изграден параклис во чест на иконата „Брзопослушничка“.

Оттогаш од братството се избира по еден јеромонах, кој неотстапно е покрај иконата, наутро и навечер, за да принесува молитви и да се грижи за кандилото. Секој вторник и четврток, пак, по вечерната богослужба сите монаси од братството се собираат пред чудотворната икона и го пеат молебниот канон на Мајката Божја. Копии од оваа чудотворна икона се наоѓаат во многу православни земји, од кои им се излева благодатна сила на сите што прибегнуваат со вера и скрушено срце кон нив.

Прва икона на оригиналот од чудотворната икона се наоѓа во метохот на Дохијарската обител, во с. Сохос, во Р. Грција. Втората се наоѓа во светиот град Ерусалим, во Спасо-вознесенската обител на Елеонската Гора. Третата се наоѓа во црквата „Свети вмч. Пантелејмон“ во Николајскиот двор, во Китај-город, Русија. Четвртата се наоѓа во манастирот „Свети Архангел Михаил“ на Зверинце во Киев. Петата икона, „Gorgoepikos“ (Брзопослушничка), се наоѓа во градот Струмица, Р. Македонија.

По благоволението на Ава Григориј, игуменот на Дохијарската обител, и неговиот заменик, отец Филотеј, еве, и ние се удостоивме со таква голема благодат. Верните чеда на богумдаруваната ни Струмичка епархија и нејзиниот претстојател, Митрополитот г. Наум, имаме чест пред кого да ги пролееме нашите солзи кога сме во неволја и нашата радост кога сме во торжество. Во оваа прилика, изразуваме благодарност за тој голем молитвен дар и кон благочестивите православни христијани Ѓорѓи Лефтер Андонов од Струмица и Димитар Перпетсис од Солун, кои несебично се залагаа и помогнаа да се овековечи овој голем дар.

Празникот во чест на иконата на Божјата Мајка „Брзопослушничка“ се слави на 9/22 ноември.

## *Чудото во Дохијарската обител*

Пречудесни се патиштата на Божјата Промисла, кои се покажале при една посебна случка во манастирот Дохијар на Света Гора, во времето на блажениот Неофит, внук на свети Ефтимиј Дохијарски. По смртта на свети Ефтимиј, кога почнал да ѕида нова, поголема црква посветена на свети Никола, на блажениот Неофит му недостигале средства, па почнал да Му се моли на Бога за помош. Бог му помогнал на чудесен начин.

Наспроти Дохијарскиот манастир се наоѓа полуостровот Лонгос или Сика. Таму блажениот Неофит имал мал метох, во чија близина се наоѓала статуа од камен во облик на човек, со натпис: „Мнозина ја удирале статуата по глава, но безуспешно“. По некоја манастирска работа, Неофит го испратил манастирскиот послушник Василиј на полуостровот. Еден ден, стоејќи пред статуата, Василиј се чудел на таинствениот натпис. Во тој миг изгреало сонцето, а сенката на статуата паднала на Запад. Василиј зел еден камен, ја удрил сенката по глава и тука почнал да копа. Нашол грне полно со златници. Василиј брзо се вратил и сè му раскажал на игуменот Неофит.

Игуменот одредил тројца монаси да одат заедно со Василиј за да го донесат златото. Монасите заминале и го натовариле златото на манастирскиот брод, но на враќање им дошла помисла да го присвојат златото. Прелажани од ѓаволот, тие го врзале Василиј со јаже, му обесиле камен околу вратот и го фрлиле во морето. Кога паднал на дното, на Василиј веднаш му се јавиле архангелите Михаил и Гаврил како две светли момчиња и тие го зеле и го пренеле во заклучената црква пред царските двери.

Следното утро, кога монасите влегле во црквата, го нашле Василиј како лежи врзан пред олтарот. Игуменот го распрашал и ја дознал чудесната случка. Тогаш дошле и оние тројца монаси и останале вчудовидени кога го виделе Василиј жив. Игуменот ги казнил монасите, а златото го зел и ја доврших црквата, но не ја посветил на свети Никола, туку на светите Архангели. Еве зошто Ефтимиевата стара црква во Дохијарската обител е посветена на свети Никола, а новата на светите Архангели.

## *Чудо на иконата „Брзопослушничка“*

Иконата „Брзопослушничка“ за нас е како блага Мајка. Честопати Бог ги слуша нашите молби, но не веднаш ни се смилостивува, исполнувајќи ги нашите желби. Во таквите тешки моменти одговор добиваме од Неговата Мајка, Која вели: „Сè што ќе ви рече, направете“ (Јован 2, 5). Ова покажува како послушниот Син ги исполнува желбите на Својата Мајка.

Неодамна имало еден таков случај во градот Солун. Една девојка паднала и се здобила со сериозни повреди на главата. Искусниот хирург, кога ги видел повредите на мозокот, се откажал од оперативен зафат... „Девојката нема да преживее до утре“ – му рекол хирургот на таткото.

Побожниот татко, чија ќерка му била единствена надеж, веднаш се упатил кон Дохијарската обител на Света Гора. „Дојде кај нас облеан во солзи и застана пред чудотворната икона ’Брзопослушничка‘. Сите присутни браќа сочувствуваа со неговата болка и сите во храмот се молевме за тешко повредената девојка“ – вели отец Сергеј.

Утредента, кога хирургот ја посетил повредената девојка, бил убеден дека сè е завршено. Но, наместо тоа, на болничкиот кревет седела тешко повредената девојка, која благо се насмевнала.

„Многу чуда секојдневно се случуват пред иконата ’Брзопослушничка‘. Имаше време кога ги запишувавме сите исцеленија, но тоа е невозможно понатаму да се прави“ – вели отец Сергеј.

Всушност, Света Гора е удел на Мајката Божја.

јеросхимонах Сергеј Веснин, „Писма на Светогорците“

# *Што е тоа акатист и која е неговата намена?*

Особено познат е акатистот на Благовештение, кој се служи во четирите петоци од Великиот пост со мало Повечерие. Инаку, зборот акатист доаѓа од грчкиот глагол *κάθισις,* што значи *седи,* и *ἀκάθισις,* што значи *не седи,* односно молитва при која не се седи. Истиот се состои од дваесет и пет кратки црковни молитви. Едни од нив завршуваат со зборот: *Алилуја!,* што значи: *Фалете Го Бога!,* а другите со: *Радувај се, Невесто Неневестна!,* а во нашиот случај, пак, со: *Радувај се, себлага Брзопослушничке!*

Но, да се навратиме како бил создаден акатистот и зошто го служиме во Православната Црква. Во текот на 627 година, Источното Ромејско Царство било пред пропаст, поради нападот на Персиските и Аварските војски, па дури и главниот град Константинопол бил под опсада. За да се избегнат големи жртви и страдања, Ромејците на непријателите им предложиле да склучат мир. Но, Персијците и Аварите, кои биле незнабошци, ги условиле со напуштање на верата во Распнатиот. „Ќе склучиме мир само доколку императорот и целиот народ заедно со него се откажете од вашата христијанска вера." Дури Аварскиот хан Бајан гордо извикал: „Не надевајте се на вашиот Христос Бог. Утре секако ќе го заземеме градот и ќе го сториме прав и пепел".

Секому му станала јасна безизлезната состојба што ќе ги снајде градот и граѓаните, па решиле да побараат помош од Единиот сесилен Бог. Народот го замолил Патријархот Сергеј да отслужи молебен кон Бог и Пресвета Богородица. Била направена литија и притоа биле извадени мошти од светителите, како и ризата и појасот на Пресвета Богородица од Влахернската црква. Поворката поминала низ градските улици, а Патријархот ги потопил краевите од ризата и појасот на Божјата Мајка во морските води. И само што завршил молебниот опход по улиците, надошле црни облаци и настанала страшна бура, од морето се кревале огромни бранови, и еден по еден непријателските бродови биле проголтани од длабокото море, а непријателите биле погубени до последниот воин. Со Божја помош, градот и народот биле спасени од непријателот. Таа случка Ѝ Ја припишале на Пресвета Богородица, чија молитва била проследена со стоење – акатисно, во Божјите храмови, величајќи Ја како Војводка.

*Особена благодарност изразуваме*
*и кон печатница* ***„Графосервис“*** *од Струмица*
*за помошта со која го овозможија печатењето*
*на оваа молитвена читанка кон Пресвета Богородица.*

